ГОДИНА: IX
23 ФЕВРУАРИ 2022
БРОЈ: 226

ИНФОРМАТИВЕН ПРИЛОГ НА АД ЕСМ - ПОДРУЖНИЦА РЕК БИТОЛА

*Интервју: Менде Фидановски, претседател на Синдикалната подружница на РЕК “Битола“*

# Синдикалната подружница единствен легитимен претставник и заштитник на правата на вработените во РЕК “Битола“

**Битолски весник:**
Синдикалната подружница на РЕК “Битола” преку бројни синдикални активности постојано работи на остварување, заштита и подобрување на работничките права. Каква е вашата оценка за досегашните напори на Синдикатот во насока на обезбедување на соодветни услови на секое работно место во РЕК “Битола“?

**Менде Фидановски:**
Синдикалната борба за заштита на правата на работниците, социјална правда, материјална сигурност, здравствена заштита, пензиско и инвалидско осигурување, правна заштита...не запира никогаш. Се менуваат единствено околностите. Оттаму, морам да изразам задоволство, од тоа што го има постигнато Синдикалната подружница на РЕК “Битола” изминатите три-четири години. Условите за работа во РЕК “Битола” се специфични и работниците мора да бидат соодветно опремени, заштитени и обезбедени при извршувањето на своите работни задачи.

Условите за работа се предвидени во различни акти на Комбинатот и на АД ЕСМ како компанија и овие неколку години наназад можам да речам дека се почитуваат апсолутно сите одредби. Во однос на обезбедувањето на соодветни услови за секој работник во РЕК “Битола”, Синдикалната подружница на РЕК “Битола” има партнерски однос со менаџментот на Комбинатот и компанијата. Ќе набројам само неколку факти кои потврдуваат дека сме презеле конретни чекори за подобрување на состојбата на нашите вработени : успеавме да издејствуваме зголемување на платата за 5 проценти, редовно исплаќање на регресот за годишен одмор, воведување на ладен оброк за вработените, редовно обезбедување на заштитна опрема за работа, редовни систематски здравствени прегледи, се купија шест нови еколошки автобуси за безбеден превоз на нашите вработени, членовите на Синдикатот имаа(т) можност за купување на роба на рати, да добијат позајмици, неповратни средства за лекување и многу други придобивки. Се обидуваме секогаш да помогне и да излезе во пресрет на барањата и на потребите на работниците и сметам дека тоа досега многу успешно го правиме.

**Б.В:** Колку членови брои Синдикалната организација и како сте организирани во поглед на заштитата и подобрувањето на работничките права, како и застапувањето на членовите на Синдикатот пред работодавецот?

**М.Ф:** Синдикалната подружница на РЕК “Битола” во моментов брои околу 2.300 членови. Со организацијата раководи Управен одбор во кој членуваат вработени во различни сектори, производни и организациони единици на РЕК “Битола” со цел да се има увид и претстава во потребите на работниците во целиот Комбинат. Од самиот почеток со работа на ова раководство на Синдикалната подружница на РЕК “Битола” практикуваме постојана и отворена комуникација со работодавецот. И со последното зголемување на минималната плата бевме сведоци дека само преку дијалог е можно зголемување на правата и подобрување на условите за работа на работниците. Тој дијалог ние како Синдикат го водиме постојано со менаџментот на Комбинатот. Комуницираме за сите проблеми поврзани со правата на работнциите или со работните услови на вработените и се обидуваме да најдеме решение.



**Б.В:** На кој начин се реализира помошта и поддршката за работниците преку Синдикатот и што се опфаќа таа? На каква помош можат да сметаат членовите на Синдикатот во случаи на болест, повреда или други несакани околности?

**М.Ф:** Најпопуларната и најкористена помош што Синдикатот ја дава за своите членови е купувањето на рати. Синдикалната подружница на РЕК “Битола” има склучено договори со голем број на стопански субјекти во кои членовите на Синдикатот може да пазарат и да плаќаат на рати, преку задршка на плата. Морам да споменам дека до пред три-четири години речиси никој не сакаше да соработува со Синдикатот на РЕК “Битола” заради лошото искуство што го имаа во минатото - се земало роба, се задржувало на платата на работниците, а парите не се уплаќале на сметките на стопанските субјекти. Сега, Синдикатот на РЕК “Битола” е посакуван партнер на сите стопански субјекти. Работниците се сигурни дека нивните пари ќе завршат каде што треба, а стопанските субјекти се сигурни дека парите ќе ги добијат навреме. Освен тоа, членовите може да се обратат до Синдикатот на РЕК “Битола” и за позајмица која ја враќаат без камата, за помош и поддршка при несреќни случаи или болест, како и разни други ситуации во кои Синдикатот може да помогне. Секако, за доделување на било која помош на било кој член на Синдикалната подружница постои Правилник според кој работиме и одлуките се донесуваат од страна на Управниот одбор. Можеби ќе звучи малку нескромно, ама сметам дека актуелниот состав на Синдикатот на РЕК “Битола” навистина покажавме како може домаќински да се менаџира со парите на работниците, во корист на работниците, и секогаш во насока на зголемување на правата, односно бенефициите.

**Б.В:** Дали Синдикалната организација нуди и правна помош за членовите на Синдикатот и дали согласно Колективниот договор Синдикалната подружница дава правна заштита и мислење во одредени спорови кои се јавуваат помеѓу членовите и работодавецот?

**М.Ф:** Во своите акти, Синдикалната подружница на РЕК “Битола” има предвидено обезбедување на бесплатна правна помош и поддршка на свои членови кои имаат потреба од тоа. Колективниот договор на АД ЕСМ предвидува работодавецот да се консултира за сите прашања што се однесуваат на правата на вработените со репрезентативниот синдикален претставник на работниците. Според одредбите од Колективниот договор, синдикалните организации во рамките на АД ЕСМ мора да бидат вклучени при разгледувањето и одлучувањето на прашања во врска со правата и обврските на вработените во компанијата. Социјалниот дијалог што досега го водиме со работодавецот е на рамноправна основа и сметам дека тоа е главната причина за успешното надоградување на правата на работниците во нашиот комбинат.

**Б.В:** Каде и во кои термини работниците можат да комуницираат и да добијат консултација со Синдикалната организација?

**М.Ф:** Синдикалната подружница на РЕК “Битола” има свои канцеларии во секоја од производните единици во РЕК “Битола” каде секој вработен може да се обрати. И јас како претседател и сите членови на раководството на Синдикалната подружница на РЕК “Битола” сме секојдневно со своите колеги, така што може да ни се обратат за било што, во секое време.

**Б.В:** Синдикалната организација на РЕК “Битола” покрај својата главна улога, заштита на работничките права, е вистински пример за општествено одговорна организација со нагласена хуманистичка компонента. Сведоци сме на повеќе примери каде синдикалната организација реализирала донации значајни за заедницата. Досега активно ги помагате лицата со посебни потреби, младите во областа на спортот и образованието...Во повеќе наврати сте донирале за потребите на Клиничката болница Битола, Сојузот на слепи лица, Здружението “Мобилност”, старите лице во старскиот дом “Сју Рајдер”, децата со посебни потреби, како и во воспитно едукативните установи. Во кој правец ја продолжувате стратегијата на општествена одговорност?

**М.Ф:** АД ЕСМ и РЕК “Битола”, како и Синдикалната подружница на РЕК “Битола” имаат обврска, но и чувствуваат потреба да помогнат на заедницата, на различни категории граѓани, здруженија, организации, клубови, поединци... пред се заради фактот што се работи за најголемиот производител на електрична енергија во земјава, со многу вработени, со многу членови на Синдикатот кои на различни начини се поврзани со субјектите на кои им помагаме. Притоа, сакам да напоменам дека сите донации, помош, или поддршка...Синдикатот ги прави од сопствени средства кои согласно Колективниот договор ги добива од работодавецот. И АД ЕСМ како компанија има усвоено Стратегија за општествена одговорност, согласно која дел од средствата со кои располага ги насочува кон заедницата. Синдикалната подружница на РЕК Битола ќе продолжи и во иднина да помага.

**Б.В:** Покрај тоа, за време на најголемата здравствена криза предизвикана од пандемијата на Ковид-19 реализиравте повеќе акции за помош и поддршка на поединци, установи, институции што се вклучени во борбата со Ковид-19 или погодени од Ковид кризата. Исто така, дониравте помош и за Вакциналниот пункт во Битола?

**М.Ф:** Појавата на Ковид 19 не затекна сите и сите ние се обидуваме да живееме колку што можеме понормално во ова ненормално време. Од појавата на корона вирусот до сега, Синдикалната подружница вложува максимални напори да ги заштити здравјето и животот на вработените во РЕК “Битола”. Во договор со менаџментот на Комбинатот и на АД ЕСМ излеговме во пресрет на сите потреби на вработените од заштитна опрема, за спречување на ширењето на корона вирусот. Помогнавме и во здравствените установи кои секојдневно се справуваат со Ковид 19, а помогнавме и на наши членови, колеги од РЕК “Битола” кои имаа потреба од финансиски средства за лекување.

**Б.В:** За време на големиот пожар кој ја зафати зградата на поранешниот комбинат на Жито Битола, РЕК “Битола” испрати свои пожарникари на помош. Согледувајќи ја важноста на противпожарната служба за Комбинатот, како и за градот и државата, Синдикатот на РЕК “Битола”, каде членуваат пожарникарите од РЕК “Битола”, и менаџментот на Комбинатот договорија осовременување на опремата што ја користат пожарникарите. Што е предвидено во рамките на овој договор?

**М.Ф:** Синдикалната подружница на РЕК “Битола” постојано инсистира на подобрување на условите за работа на сите вработени во Комбинатот. Примерот што го спомнавте е само еден од оние што се видливи за јавноста, а во кои вработени во РЕК “Битола” учествуваат во акции, или активности што се од корист за заедницата. Конкретно, пожарникарите од РЕК “Битола” учествувале во многу акции за гаснење на пожари низ државата. Минатото лето беа ангажирани во Источна Македонија, пред тоа го гаснеа пожарот на депонијата Мегленци и пожарот што го споменавте во фабриката “Жито Битола”. Веднаш после акцијата, во разговор со пожарникарите кои, секако, се членови на Синдикалната подружница разговаравме дали и во кој дел може да се подобрат нивните услови за работа, имајќи во предвид дека честопати излегуваат во пресрет на потребите на различни страни, надвор од Комбинатот. Потоа, во договор со менаџментот на АД ЕСМ договоривме осовременување на опремата што ја користат пожарникарите при интервенциите, како и на униформите што ги носат вработените во службата. Во фаза на потпишување се договорите за набавка на униформи за пожарникарите, на противпожарни одела, ракавици и чизми во вкупна вредност од над четири милиони денари, односно околу 70.000 евра.

Новата опрема ќе ја зголеми безбедноста на пожарникарите, а ќе ја зголеми и ефикасноста при интервенциите.

**Б.В:** Како ја оценувате улогата на Синдикалната организација како посветен партнер не само на работниците во РЕК “Битола”, туку и на заедницата воопшто?

**М.Ф:** Синдикалната подружница на РЕК “Битола” претставува сигурно место за вработените во Комбинатот, место на кое може да се обратат за најразлични маки и проблеми, кои ги решаваме или сами, како Синдикат, или во договор со работодавецот. Тој партнерски однос што Синдикатот го има со своите членови, го пресликуваме и во односите со нашите надворешни партнери. Вработените во РЕК “Битола” тоа го препознаваат и јас навистина сум задоволен што веруваат во нас. Синдикалното движење, како и многу други сфери, во минатото беа на лош глас и во РЕК “Битола” и секаде низ државата. Синдикалната подружница на РЕК “Битола” е релативно голема, со многу членови и можеби е за очекување од време на време да се појават различни групации кои сакаат да се наметнат кај работниците.

Но, ниту една друга организација освен Синдикалната подружница во РЕК “Битола” ја нема довербата кај работниците и мислам дека се залудни нечии обиди да се претставуваат како заштитници на правата на вработените во РЕК “Битола”. Нашата понуда од почетокот до сега е истата-одговорна и домаќинска работа во интерес на работниците. Нашите колеги тоа го препознаваат и затоа Синдикалната подружница на РЕК “Битола” останува единствениот легитимен претставник на вработените во РЕК “Битола”. На таа доверба што ја имаме, ние одговараме и ќе одговориме со континуирано подобрување на правата на работниците и на нивната благосостојба.